ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА „8-МИ СЕПТЕМВРИ" - СКОПЈЕ
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2018 06 01/1

**Скопје, април 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 24 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 25 |
| Биланс на состојба | 26 |
| Промени во капиталот | 27 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 28 - 29 |
| - Основни сметководствени политики | 29 - 31 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 31 - 36 |

Прилог 1
Известување за извршена проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 27-127 /9 од 25.02.2013 година.

Кратенки користени во извештајот:

ЈЗУ – Јавна здравствена установа;
**ГОБ „8-ми Септември"** – ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември" Скопје;
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија;
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
ЗЈН – Закон за јавни набавки.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 17 – 278/6

Дата: 17.04.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември” - Скопје (во понатамошниот текст –ГОБ „8-ми Септември”) на сметката за средства од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2017 година.

За финансиските извештаи на ГОБ „8-ми Септември” за 2017 година ревизијата изразува неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности, како и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија, и издаден е извештај за финансиските извештаи на ГОБ „8-ми Септември” за 2011 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на ГОБ „8-ми Септември” за 2011 година, при што констатиравме дека е направен одреден напредок во спроведувањето на препораките.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е следното:

- не е извршено усогласување на Статутот на ГОБ „8-ми Септември” и не се донесени актите за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- не е извршено сметководствено евидентирање на градежните објекти;

- воспоставениот електронски систем на евиденција на работно време не се користел при пресметка и исплата на платите, за контрола и анализа на редовноста на користење на работното време од страна на вработените;
- не е воспоставена финансиска евиденција за приемот и потрошокот на материјалите (лекови и медицински и немедицински материјали) по организационите единици - службите на болницата;
- не е воспоставен Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ГОБ „8-ми Септември";
- не е распишан конкурс за именување на директор;
- не е спроведен целосен попис на средствата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2017 година;
- селективно плаќање на доспеаните обврски по основ на набавка на лекови, медицински и не медицински материјали, што довело до неосновано и непланирано одлевање на буџетски средства по основ на затезна камата и трошоци за извршување,
- спроведени се постапки за јавни набавки во кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на ЗЈН, што предизвикало одлевање на буџетски средства при намалена конкуренција и нееднаков третман на економските оператори.

Неопходно е да се нагласи состојбата на обврските на ГОБ „8-ми Септември" кои во периодот 2013 – 2017 година се во континуиран пораст, при што во 2017 година учествуваат со 36% во вкупните приходи од двете сметки.
Во делот на останати прашања извршивме презентирање на неколку системски слабости за кои е потребно постапување од надлежните органи.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17 – 278/1 од 07.03.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 25 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на ГОБ „8-ми Септември" на сметката за средства од фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ГОБ „8-ми Септември" за 2011 година, при што е изразено неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и резултатот од финансиските активности и неповолно мислење во однос на усогласеноста на финансиски трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2011 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на ГОБ „8-ми Септември" застапувана од:
- Д-р Сашо Стојчев – вршител на должноста директор од 30.12.2009 до 04.08.2017 година;
- Д-р Христијан Костов – вршител на должноста директор од 04.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со

ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 24.09.2018 до 28.12.2018 година кај ГОБ „8-ми Септември" од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходниот период – спроведување на препораките

Со ревизијата за 2017 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година од спроведената ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност, при што е констатирано дека препораките во најголем дел се имплементирани, што детално е презентирано во Прилог 1 од овој извештај.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 25 јануари 2018 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17 – 278/1 од 07.03.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно член 22 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, здравствените установи имаат обврска да извршат усогласување на Статутот и внатрешните акти за организација и систематизација на работните места со одредбите на законот најдоцна до 01.09.2014 година. Со извршената ревизија констатираме дека Статутот на ГОБ „8-ми Септември" е донесен и усвоен од страна на Управниот одбор во 2008

година, кој досега има повеќе измени и дополнувања и не е усогласен со одредбите од овој закон, а се однесуваат на застапувањето и претставувањето, дејноста и внатрешна организациона поставеност на ГОБ „8-ми Септември".
Од страна на ГОБ „8-ми Септември" изготвена е работна верзија на Статут врз основа на модел изработен од Министерство за здравство, кој во месец февруари 2018 година во електронска форма е доставен на разгледување и давање мислење за истиот до Министерството за здравство но сеуште не е добиена повратна информација / согласност.

Утврдената состојба влијае работењето на ГОБ „8-ми Септември" да не е усогласено со одредбите на Законот за здравствена заштита и оневозможува преземање на активности за изработка на актите за внатрешна организација и систематизација.

**Препорака**

Одговорното лице на ГОБ „8-ми Септември" да продолжи со активностите за донесување на статутот од страна на Управниот одбор и обезбедување на согласност на истиот од надлежното министерство.

4.1.2. Внатрешната организација на работата на ГОБ „8-ми Септември" е утврдена врз основа на Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места од 2010 година, а своите задачи и работи утврдени со Статутот ги обавува преку организационите единици оддели и отсеци.
Ревизијата констатира дека Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места во ГОБ „8-ми Септември" во известувачкиот период не е усогласен со Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за здравствена заштита, Законот за работни односи, Правилникот за делокруг на работа за внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешните организациони единици во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа и колективниот договор.
До Министерството за информатичко општество во 2016 година е испратен– Регистер на вработени во јавниот сектор со делумно пополнети податоци со кои располага ГОБ „8-ми Септември". Дополнување на регистерот ќе се направи кога за тоа ќе се изготват потребните податоци.
Утврдената состојба предизвикува начинот на организација и систематизација на работните места да не е усогласен со законските прописи и влијае на неможност на генерирање на Регистар на вработени во јавниот сектор согласно член 18 од Законот за вработени во јавниот сектор.
Постапувајќи согласно одредбите на член 17 од Законот за вработени во јавниот сектор ГОБ „8-ми Септември" пристапува кон изработка на нацрт верзија на Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за

систематизација на работните места, но поради отсуство на согласност на Статутот истите не се донесени и проследени на понатамошно постапување до надлежните министерства.

**Препорака**

Одговорното лице по добивање на согласност на Статутот од надлежното министерство да продолжи со активностите за обезбедување на потребните согласности од надлежните органи и пристапи кон донесување на Правилникот за организација и Правилникот за систематизација на работните места.

4.1.3. Раководителот на субјектот од јавниот сектор треба да основа единица за внатрешна ревизија согласно критериумите дадени во член 30 точка 2 и член 31 точка 1 од ЗЈВФК. Согласно наведените критериуми единица за внатрешна ревизија се формира со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во последните три години изнесувал најмалку 50 милиони денари. Во ГОБ „8-ми Септември" и покрај тоа што се исполнети овие услови, и во Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места предвидено е работно место внатрешен ревизор, не е формирана единица за внатрешна ревизија, непосредно одговорна пред директорот. Отсуството на внатрешната ревизија предизвикува неможност директорот на ГОБ „8-ми Септември" да се стекне со објективно уверување и совет за остварување на целите и подобрување на работењето на болницата.

**Препорака**

Одговорното лице, во соработка со надлежните органи да преземе активности за обезбедување согласност за вработување на внатрешен ревизор и пополнување на истото и обезбеди услови за негово целосно функционирање.

4.1.4. Со Одлука на Влада на РМ за основање на ГОБ „8-ми Септември" во 2009 година како работоводен орган на ГОБ „8-ми Септември" именуван е вршител на должноста директор, со мандат не подолго од 6 (шест) месеци, кој ја извршува функцијата вршител на должноста директор заклучно со месец август 2017 година. Воспоставената пракса за именување на вршител на должноста директор продолжила и во наредниот период така што започнувајќи од месец август 2017 година со решение за назначување на работоводен орган – вршител на должноста директор именувано е друго лице со мандат од 6 месеци, кое повторно е именувано за вршител на должноста директор во месец февруари 2018 година. Во известувачкиот период не е

пристапено кон склучување на менаџерски договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу вршителот на должност директор и работодавачот.

Управниот одбор на ГОБ „8-ми Септември" не постапил согласно член 108 од Законот за здравствена заштита, според кој требало да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на работоводен орган.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за здравствена заштита и влијае на уредувањето на меѓусебните права и обврски на директорот и работодавачот.

**Препорака**

Управниот одбор да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор), а по спроведување на истиот да достави известување до Министерството за здравство, со цел именување на директор на болницата и склучување на менаџерски договор.

4.1.5. Согласно одредбите на член 116 од Законот за работни односи, болницата има воспоставено електронски систем за евиденција на работното време. Од извршените разговори со одговорните лица и увидот во расположливите документи за исплата на плати утврдивме дека овој систем во текот на 2017 година функционирал формално, односно податоците на истиот не се користени при пресметка и исплата на платите на вработените (редовно работно време и дежурства) заради контрола и анализа на редовноста на вработените. Во исто време согласно одредбите на член 92-д од Законот за здравствена заштита болницата има обврска да пристапи кон Централниот систем за евиденција на работното време воспоставен од Министерството за здравство.

Извршивме ревизија на начинот на евидентирање, пресметување и исплата на плата за прекувремена работа при што констатиравме дека податоците презентирани во: системот за пресметка на плата (часови за прекувремена работа), образецот за вршење на работа подолга од полното работно време (прекувремена работа) и електронскиот систем за евиденција на работното време не кореспондираат и не е обезбедено почитување на одредбите на член 117 став 2 од Законот за работни односи во делот на траењето на прекувремената работа (повеќе од 8 часа неделно).

На ревизијата не и се презентирани докази за имплементација на обврските од наведениот систем и доказ дека е известен подрачниот државен инспекторат за труд за воведување на прекувремена работа.

Утврдената состојба влијае на начинот на пресметување на платите на вработените и обезбедување на уредни и веродостојни докази за потврдување на исплатените средства на име прекувремена работа за известувачкиот период во износ од 1.245 илјади денари.

**Препорака**

Раководителот на болницата да преземе активности за:

- непречено функционирање на системот на евидентирање на работното време;
- за потребата од ангажирање на вработени преку полното работно време (прекувремена работа) да се воспостави уредна и веродостојна евиденција и за истото да се извести подрачниот државен инспекторат за труд.

4.1.6. Со извршената ревизија на залихите на лекови, медицински и немедицински потрошен материјал утврдивме дека не е воспоставена финансиска евиденција за приемот и потрошокот на материјалите (лекови и медицински и немедицински материјали) по организационите единици - службите на ГОБ „8-ми Септември", со што ќе се обезбеди точна евиденција за потрошокот и состојбата на истите. Утврдената состојба не е во согласност со член 6, 7 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 11 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание врз реалното и објективното искажување на состојбата на залихите на лекови и медицински материјали во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорното лице на ГОБ „8-ми Септември" да преземе мерки за воспоставување на финансиска евиденција на лековите и медицинскиот материјал во сите организациони единици - служби, нивно следење од прием до потрошок.

4.1.7. Согласно измената на Законот за здравствена заштита во 2015 година министерот за здравство е должен да го воспостави Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој закон ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови, а заради непречено функционирање на овој систем ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци со Националниот систем. Од информациите добиени од раководството на ГОБ „8-ми Септември" констатиравме дека не се започнати

активности за воспоставување на системот, за исполнување на наведените обврски, и истиот до денот на ревизијата не е имплементиран во работењето на ГОБ „8-ми Септември". Од страна на Министерство за здравство бевме информирани дека се преземат активности за разгледување на можноста за целосна интеграција на здравствените установи во Националниот систем.

**Препорака**

Одговорното лице на ГОБ „8-ми Септември" во соработка со надлежното министерство да преземе активности за имплементација на Националниот систем за материјално - финансиско и сметководствено работење.

## 4.2. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.2.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на ГОБ „8-ми Септември" поврзана со постојаните средства, нивното документирање, како и увид во пописните листи со состојба на ден 31 декември 2017 година, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Со Одлука на Влада на РМ за основање на ГОБ „8-ми Септември" од месец декември 2009 година, предвидено е ГОБ „8-ми Септември" да користи простор и опрема дадени на трајно користење од Министерството за здравство. Со увид во сметководствената евиденција утврдивме дека до денот на ревизијата не е извршено сметководствено евидентирање на недвижен имот, и покрај тоа што во текот на 2014 од страна на овластен проценител од Бирото за судски вештачења извршена е проценка на вредноста на недвижниот имот согласно методологијата за утврдување на пазарна вредност, при што е утврдена проценета вредност на објектот од 907.639 илјади денари. Поради невоспоставена сметководствена евиденција на недвижниот имот, извршените инвестирања во градежните објекти за изградба, доградба и реконструкција во периодот од 2011-2017 години во вкупен износ од 261.843 илјади денари, кои како инвестициони вложувања требало да ја зголемат вредноста на истите, не биле сметководствено евидентирани. Не извршеното сметководствено евидентирање на градежните објекти предизвикува нереално и необјективно прикажување на позицијата материјални средства во Билансот на состојба.

- Во сметководствената евиденција на ГОБ „8-ми Септември" не е евидентирана дел од опремата добиена од Министерството за здравство на трајно користење како и дел од средствата добиени како донација од други субјекти за кои не е обезбеден документ за набавната односно сегашната вредност, или не е доставена комплетна документација која ќе послужи како основ за сметководствено евидентирање.

- Ревизијата констатира опрема за производство на инфузиони раствори - Галенска лабораторија во вкупен износ од 1.169.955 ДЕМ, набавена во 1996 година од страна на Воена болница. Набавената опрема не била ставена во функција, а со развојот на технологија и изработката на нови апарати од истата област постои можност технолошки да застари и да е неекономична за употреба.

Овие состојби не се во согласност со одредбите од член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и истите имаат влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за материјалните средства и изворите на средства во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака**

- Одговорните лица во ГОБ „8-ми Септември врз основа на обезбедените веродостојни документи за вредноста на отстапениот имот, зголемени за извршени инвестициони вложувања, да извршат сметководствено евидентирање на градежните објекти;
- Одговорните лица да достават писмено барање до институции од кои е добиена опрема за обезбедување на вредноста на добиената опрема, или да извршат проценка согласно Законот за процена и извршат нивно евидентирање во деловните книги;
- Одговорните лица да подготват сеопфатен извештај за опремата која не е функционална го известат надлежното министерството и Владата на Република Македонија и обезбедат насоки за понатамошно постапување со истата.

4.2.2. Со увид во сметководствена и материјална евиденција за прием, складирање и издавање на залихи, апликативен софтвер за болничко работење "HIS" и извршениот попис на состојбите на ден 31.12.2017 година констатиравме дека не постои усогласеност помеѓу состојбите искажани на аналитичките сметки во сметководствената и материјалната евиденција (табеларен преглед во „000“ денари) поради што:

- Состојбата на залихите на ден 01.01.2017 година во сметководствената евиденција е искажана на износ повисок за 6.571 илјади денари во однос на состојбата во материјалната евиденција;
- Состојбата на залихите на ден 31.12.2017 година во сметководствената евиденција е искажана на износ повисок за 1.966 илјади денари во однос на состојбата во материјалната евиденција;
- Состојбата на залихите на ден 31.12.2017 година во сметководствената евиденција не е усогласена со состојба утврдена со пописот, односно

искажана е на износ повисок за 17.173 иљјади денари иако при вршењето на физичкиот попис од страна на пописната комисија не се утврдени поголеми вишоци или кусоци на залихи.

**Табеларен преглед на неусогласености на салдата на залихите во сметководствена евиденција, материјална евиденција и состојбите утврдени со попис на ден 31.12.2017**

| анализа за усогласеноста на почетна и крајна состојба во сметководствена евиденција, материјална евиденција и состојба по извршен попис | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 01.1.2017 | | | 31.12.2017 | | | разлика 31.12.2017 | | |
| аналитика | назив | сметководствена евиденција | материјална евиденција | разлика | сметководствена евиденција | материјална евиденција | попис | сметководство /материјално | сметководство/ попис | материјално/попис |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-4) | 6 | 7 | 8 | 9=(6-7) | 10=(6-8) | 11=(7-8) |
| 310100 | Гориво, мазиво и огрев | 3.506.121 | 3.504.156 | 1.965 | 2.796.148 | 2.788.683 | 2.800.113 | 7.465 | -3.965 | -11.430 |
| 310200 | Прехрамбени продукти | 1.471.223 | 1.518.208 | -46.985 | 1.283.386 | 1.309.488 | 1.402.858 | -26.102 | -119.472 | -93.370 |
| 310300 | Канцелариски материјал | 405.896 | 1.780.321 | -1.374.425 | 166.831 | 2.317.607 | 2.312.826 | -2.150.776 | -2.145.995 | 4.781 |
| 310400 | Медицински потрошен материјал | 91.372.869 | 85.072.659 | 6.300.210 | 112.820.120 | 106.025.690 | 106.505.673 | 6.794.430 | 6.314.447 | -479.983 |
| 3104001 | Хуман. Медицински потрошен материјал | 2.228.144 | 208.849 | 2.019.295 | 2.206.324 | 189.008 | 189.008 | 2.017.316 | 2.017.316 | 0 |
| 310401 | Лекови | 6.355.976 | 10.849.724 | -4.493.748 | 13.109.444 | 17.969.126 | 13.450.103 | -4.859.682 | -340.659 | 4.519.023 |
| 3104011 | Лекови - Хуманитарна | 964.794 | 224.830 | 739.964 | 852.590 | 112.629 | 110.063 | 739.961 | 742.527 | 2.566 |
| 310500 | Залиха на материјали | 6.435.374 | 6.437.240 | -1.866 | 6.367.825 | 6.369.691 | 6.369.691 | -1.866 | -1.866 | 0 |
| 310501 | Средства за одржување на хигиена | | | | | 4.008.053 | 3.898.571 | -4.008.053 | -3.898.571 | 109.482 |
| 31050 | Залиха | 1.369 | 0 | 1.369 | 1.369 | | 1.369 | 1.369 | 0 | -1.369 |
| 310600 | Залиха на помошен материјал | 2.975.666 | 2.975.758 | -92 | 3.613.439 | 3.613.531 | 3.613.531 | -92 | -92 | 0 |
| 310601 | Залиха на потрошен материјал | 2.065.708 | 2.033.124 | 32.584 | 2.144.842 | 2.112.859 | 2.111.087 | 31.983 | 33.755 | 1.772 |
| 320900 | Други резервни делови | 13.926.588 | 12.920.619 | 1.005.969 | 13.906.866 | 12.901.666 | 12.900.897 | 1.005.200 | 1.005.969 | 769 |
| 360000 | Обувки на залиха | 70.165 | 1.336.512 | 42.443 | 371.005 | 3.078.749 | 2.792.370 | 42.444 | 328.823 | 286.379 |
| 362000 | Обувки на употреба | 1.308.790 | | | 2.750.188 | | | | | |
| 360100 | Облека на залиха | 215.702 | 474.948 | -6 | 273.542 | 1.416.534 | 1.416.534 | -4 | -4 | 0 |
| 362200 | Облека на употреба | 259.240 | | | 1.142.988 | | | | | |
| 360300 | Облека медицинска на залиха | 3.780.001 | 8.091.489 | -88.873 | 2.581.969 | 13.141.594 | 12.483.984 | -88.873 | 568.737 | 657.610 |
| 362501 | Облека медицинска на употреба | 4.222.615 | | | 10.470.752 | | | | | |
| 360400 | Општ рачен и машински алат и прибор | 656.149 | 1.957.959 | 141.262 | 656.149 | 1.956.009 | 1.955.285 | 154.609 | 141.986 | 2.646 |
| 362400 | Општ рачен и машински прибор во употреба | 1.443.072 | | | 1.441.122 | | | | | |
| 362300 | Канцелариски прибор | 15.269 | 1.922 | 24.034 | 15.269 | 1.922 | | | | |
| 360500 | Наставни учила, макети и прибор | 4.549 | | | 5.241 | | 2606 | 11.379 | 8.773 | -2606 |
| 362500 | Наставни учила, макети и прибор | 6.138 | | | 6.138 | | | | | |
| 360600 | Постелнинска опрема на залиха | 1.717.230 | 5.049.796 | -78.630 | 731.906 | 5.583.927 | 5.378.505 | -78.629 | 126.793 | 205.422 |
| 362502 | Постелнинска опрема на употреба | 3.253.936 | | | 4.773.392 | | | | | |
| 362700 | Средства за разонода и телесно воспитување | 1.800 | 1.800 | 0 | 1.800 | 1.800 | 1.800 | 0 | 0 | 0 |
| 360800 | Општа амбалажа | 36 | 36 | 0 | 36 | 36 | 36 | 0 | 0 | 0 |
| 3609 | Ситен инвентар аптека | 44.190 | 37.159.913 | -2.978.954 | 52.536 | 38.344.851 | 29.072.199 | 2.373.559 | 12.394.801 | -6.357.206 |
| 3629 | Ситен инвентар во употреба аптек | 34.136.769 | | | 35.313.359 | | | | | |
| 360900 | Друг ситен инвентар | 11.996.301 | 16.496.019 | 5.325.515 | 11.995.659 | 16.378.448 | 15.629.858 | | | |
| 362900 | Друг ситен инвентар во употреба | 9.825.233 | | | 9.735.304 | | | | | |
| | **Вкупно:** | | | **6.571.031** | **101.984.871** | | | **1.965.638** | **17.173.303** | **-1.155.514** |

Разликите во евиденциите се јавуваат од причина што апликативниот софтвер во кој е воспоставена сметководствената и материјалната евиденција генерира прегледи за состојбите (почетна состојба, промет, крајна состојба) на аналитичка сметка во материјалната евиденција во кој се вклучени податоци за промет кој е настанат и на други аналитички сметки, понатаму во различни денови генерира прегледи со различни состојби и поради фактот што деловните книги во кои се води материјалната евиденција не се заклучуваат на крајот од годината. Горенаведеното создава ризик од двојно прикажување на состојбите за настанатиот промет и има влијание врз точноста и вистинитоста на искажаните податоци за залихите во финансискиот извештај – биланс на состојба, дотолку повеќе што од страна на одговорните лица во ГОБ "8-ми Септември" Скопје не е донесен интерен акт/методологија која ќе го дефинира начинот на вреднување на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар. Утврдените состојби не се во согласност со член 10 став 2, член 12 од Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници и со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака**

Одговорните лица во ГОБ „8-ми Септември" Скопје кои се вклучени во процесот на нарачка, прием, складирање, издавање и сметководствено евидентирање на залихите во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- Да се донесе акт/методологија со кој ќе се дефинира начинот на вреднувањето на залихите;
- Да се пристапи кон усогласување на состојбите на аналитички сметки во сметководствената и материјалната евиденција со цел состојбите во финансискиот извештај – биланс на состојба да бидат прикажани точно и вистинито;
- На крајот на секоја фискална година, по обработување на податоците со електронски сметач, дневникот и главната книга да се заклучуваат, а потоа да се отпечатат,поврзат и авторизираат;
- Да се утврдат и коригираат аномалиите во апликативниот софтвер за водење на сметководствена и материјална евиденција.

4.2.3. За усогласување на сметководствена со фактичката состојба одговорните лица на ГОБ „8-ми Септември" формираат соодветен број на пописни комисии за вршење на попис на средствата и обврските за известувачкиот период предмет на ревизија. По спроведениот увид во пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата ги утврди следните состојби:

- во пописните листи не се внесени податоци со кои ќе се изврши опишување на состојбата на градежните објекти земјиште (вредност, квадратура, обезбеден имотен лист);
- во Извештајот од спроведениот попис во делот на презентирање на состојбите на обврските кон добавувачите не е наведена старосна што би претставувало основа за нивно следење.

Утврдените состојби не се во согласност со член 31 и 32 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на целосно извршување на пописот и на квалитетот на информациите кои ги нуди истиот.

**Препорака**

Одговорните лица назначени за вршење попис на средствата и обврските во ГОБ „8-ми Септември" да преземат активности за целосно спроведување на пописот на средствата и нивните извори на начин предвиден со подзаконскиот акт .

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2015, 2016 и 2017 година, а по кои се преземени обврски во 2017 година, извршивме ревизија на 23 постапки за јавни набавки, со доделени договори во вкупен износ од 266.621 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на ЗЈН, и тоа:

- Во 7 (седум) постапки за јавна набавка не е обезбедена усогласеност помеѓу износите наведени во одлуките за јавна набавка и износот наведен во планот за јавни набавки. Имено одлуките за јавна набавка се донесени на износ поголем за 45.940 илјади денари од износот предвиден во Планот за јавни набавки, поради што во пет постапки се доделиле договори за јавна набавка на износ повисок за 33.169 илјади денари од износот предвиден во Планот за јавни набавки. Горенаведените состојби не се во согласност со член 26 од Законот за јавните набавки;
- Во годината предмет на ревизија до економски оператори, доставени се 275 барања во износ од 32.836 илјади денари за замена на количини на стоки согласно доделени договори за набавка на лекови, медицински потрошен материјал, реагенси и ортопедски средства, без да биде спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас и склучен анекс на договор. Имено за да се спречи недостаток на горенаведените стоки потребни за секојдневното лекување на пациентите, од економските

оператори се бара намалување на неискористени количини во рамки на еден дел на договорот, со цел зголемување на количини на стоки во рамки на друг дел од доделениот договор. Ваквата состојба не е во согласност со член 99 и член 162 од Законот за јавните набавки;

- ГОБ „8-ми Септември" располага со неколку апарати за лабораториски испитување на кои се вршат повеќе видови на анализи. Сите апарати се со затворени системи, односно користат реагенси (тестови, калибратори и потрошен материјал) кои ги обезбедува економскиот оператор од кој истите се набавени или отстапени на користење. Извршивме ревизија на четири постапки за набавка на реагенси согласно кои доделени се договори во износ од 47.526 илјади денари при што констатиравме дека понуда се доставува само од страна на економскиот оператор од кој се добиени или набавени апаратите, а поради немање на услови да се врши намалување на цената преку електронско негативно наддавање се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач. Воспоставениот начин на обезбедување на апаратите за вршење на лабораториски испитувања и спроведување на набавките за реагенси не овозможува конкуренција, спроведување на електронска аукција и соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка што не е во согласност со член 2 од Законот за јавните набавки;
- Спроведена е отворена постапка за сервисирање на медицинска опрема за 2015 година и 2016 година, и склучени се 26 (дваесет и шест) договори со економските оператори, по основ на кои во 2017 година исплатени се средства во вкупен износ од 36.906 илјади денари, и преземени се обврски во вкупен износ од 14.538 илјади денари. Со увид во тендерската документација за оваа постапка констатиравме дека од страна на ГОБ „8-ми Септември" изборот на најповолен економски оператор се врши врз основа на најниска цена на работен час за секој медицински апарат одделно. Висината на цените на резервните делови и покрај тоа што при исплата се во повисок износ во однос на цената на работен час, истите не се предмет на евалуација во текот на тендерската постапка. Цените на резервните делови се утврдуваат од страна на избраните економските оператори со доставување на посебна изјава од носителот на набавката за цената на делот или фактура за извршената услуга, со што договорниот орган го задржува право да ја провери пазарната цена на делот и да не ја прифати понудената цена, поради што постои ризик услугата да биде извршена со цени на резервни делови повисоки од пазарните, што не е во согласност со член 2 и член 33 од Законот за јавните набавки.

  За утврдената состојба ревизијата не дава препорака бидејќи ГОБ „8-ми Септември" во текот на 2018 година спровела јавна набавка за сервисирање на медицинска опрема во која е уредено дека цената на чинење на вредноста на делот е „набавната вредност на делот";

- Со извршениот увид во начинот на прием, квалитативна и квантитативна контрола на дел од набавените стоки (лекови, медицински потрошен материјал, реагенси, РТГ филмови, ортопедски средства итн.) констатиравме дека не се изготвува записник кој содржи податоци за тоа дали стоката е испорачана во договорениот рок и дали квантитетот и квалитетот на испорачаната стока соодветствува со договорениот што не е во согласност со одредбите од доделените договори за јавна набавка;
- Спроведена е постапка за јавна набавка во 2016 година и склучен е Договор за изнајмување на уреди за печатење/копирање/скенирање, а цената за нивно изнајмување, според договорот се формира од бројот на копирани/ печатени /скенирани страници. Во цената е вклучено и сервисирањето на уредите, испорака и замена на тонери и друг потрошен материјал, вмрежување, дислокација на уредите за потребите на здравствената установа, замена на дотраени уреди со нови без дополнителни трошоци, инсталација на софтвер за мониторинг и управување со мрежни принтери и мултифункциски уреди.

  Констатиравме дека во Договорот за јавна набавка, не е наведен видот и бројот на уредите за изнајмување, туку нивниот вид и број е наведен во Барањето за изнајмување уреди потпишано од Секторот за ИТ и статистика, доставено до Управата на здравствената установа. Заклучно 31.12.2017 година по овој основ исплатени се средства во вкупен износ од 1.727 илјади денари;

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка создава ризик за несоодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, преземање на обврски за кои не се обезбедени финансиски средства, не обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори и можност за несоодветно користење на буџетски средства.

Утврдената состојба влијае на начинот на користење на средствата и основните начела/барања на ЗЈН, конкуренција, еднаков третман на економските оператори, рационално и ефикасно искористување на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица во ГОБ „8-ми Септември" кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- одлуките за јавни набавки да се носат во согласност со предвидените износи во Годишниот план за јавни набавки, а доколку се јави потреба определена набавка да се спроведе на поголем износ за истата да се

обезбедат дополнителни финансиски средства и да се изврши соодветна измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки ;
- доколку се јави потреба од набавка на дополнителни количини на стоки согласно доделен договор за јавна набавка да се пристапи кон спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас со цел склучување на анекс на договор;
- да се промени воспоставениот начин на набавка на реагенси со цел да се обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетски средства;
- да се обезбеди доследно почитување на одредбите од доделените договори за јавна набавка кои се однесуваат на изготвување на записници при вршење на прием на набавени стоки;
- одговорното лице на ГОБ „8-ми Септември", да обезбеди кон Договорот за изнајмување уреди за печатење/копирање/скенирање да има прилог во кој е наведен видот и бројот на уредите кои се изнајмуваат.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.1., 4.2. и 4.3., кои се основ за изразување мислење, се:

- неизвршено усогласување на Статутот на ГОБ „8-ми Септември";
- недонесени акти за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- не е извршено сметководствено евидентирање на градежните објекти;
- неусогласеност помеѓу состојбите искажани на аналитички сметки во сметководствената и материјалната евиденција;
- недоследности во начинот на регистрирање на работното време;
- не е воспоставена финансиска евиденција за приемот и потрошокот на материјалите (лекови и медицински и немедицински материјали) по организационите единици;
- не се преземени активности за распишување на конкурс и именување на директор од страна на надлежните органи;
- нецелосно спроведениот попис на средствата и обврските и
- недоследности при доделувањето на договорите за ЈН.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа ГОБ „8-ми Септември" Скопје на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1. 4.2. и 4.3. погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа ГОБ „8-ми Септември" Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со извршената анализа на движењето на вкупните обврски, остварените приходи (на двете сметки) и извршените исплати по однос на извршни исправи во период од 2013 – 2017 година утврдивме дека обврските на ГОБ „8-ми Септември" се во континуиран пораст, односно на 31.12.2013 година изнесувале 275.529 илјади денари додека на 31.12.2017 година изнесувале 377.552 илјади денари што претставува пораст од 37%.

Вкупните обврски на ГОБ „8-ми Септември" се во значителен износ во однос на вкупните приходи кои ги остварила болницата, а кои на сметката за средства од ФЗОМ како и сметката за сопствени приходи во 2017 година изнесуваат 1.034.992 илјади денари, односно обврските на ГОБ „8-ми Септември" се во висина од 36% од вкупните годишни приходи кои се остваруваат на двете сметки. Доколку од вкупниот износ на остварени приходи се одземе износот кој се исплаќа за плата на вработените а кој во 2017 изнесува 408.469 илјади денари, средствата со кои располага ГОБ „8-ми Септември" за сервисирање на обврските значително се намалуваат и во текот на 2017 година изнесуваат 626.523 илјади денари, односно учеството на вкупните обврски во приходите кои може да се искористат за сервисирање на долговите значително се зголемува и изнесува 60%. Ревизијата изврши увид на обемот на извршените здравствени услуги во периодот од 2013-2017 година од страна на ГОБ „8-ми Септември" при што може да се констатира дека постои тренд на значително зголемување на обем кај одреден вид на здравствени услуги, поради што и извршеното зголемување на одобрените финансиски средства во овој период од страна на ФЗОМ не придонело за

намалување на вкупните обврски, туку можеме да утврдиме дека постои тренд на нивното зголемување.

| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Амбулатски прегледи** | 165.013 | 191.992 | 195.633 | 234.261 | 226.382 |
| **Радиолошки услуги** | 37.872 | 53.409 | 54.700 | 56.004 | 58.330 |
| **Лабораториски анализи** | 542.225 | 611.734 | 708.714 | 870.455 | 846.210 |
| **Трансфузиолошки анализи (амбулантски пациенти)** | 17.412 | 21.566 | 22.455 | 26.774 | 37.066 |
| **Приеми во стационар** | 11.136 | 13.881 | 13.407 | 14.955 | 14.031 |
| **ДРГ-рани пациенти** | 10.672 | 13.217 | 12.577 | 13.978 | 13.109 |
| **Дигестивна хирургија** | 911 | 1.042 | 1.074 | 1.012 | 905 |
| **Општа и ургетна хирургија** | 867 | 940 | 943 | 976 | 935 |
| **Неврохирургија** | | | 42 | 138 | 150 |
| **Ортопедија и трауматологија** | 740 | 839 | 901 | 913 | 890 |
| **Урологија** | 563 | 744 | 752 | 748 | 667 |
| **ОРЛ** | 530 | 670 | 721 | 782 | 858 |
| **Офталмологија** | 1.598 | 2.485 | 1.873 | 2.332 | 1.835 |
| ВКУПНО | **789.539** | **912.519** | **1.013.792** | **1.223.328** | **1.201.368** |

**Преглед на финансиски средства одобрени од ФЗОМ од 2014-2017**

| 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| 596.024 | 722.000 | 896.000 | 948.800 | 1.019.900 |

Ревизијата укажува дека и покрај тоа што од страна на одговорното лице на ГОБ „8 ми Септември„ во текот на 2017/2018 година преземени се активности за склучување на спогодби за измирување на обврски од минатите години со цел да се избегнат дополнителни плаќања по овој основ на име камати и трошоци за извршување, ГОБ „8 ми Септември„ се јавува како тужена страна од физички и правни лица по разни основи за кои судските постапки се уште не се завршени со правосилни судски одлуки, спогодбено или со медијација.
Согласно добиената евиденција од надлежните служби, установата е тужена од физички и правни лица во вкупен износ од 11.824 илјади денари, не прејудицирајќи ги судските одлуки, имаме обврска да известиме дека евентуалните пресуди на судот со која ГОБ „8 ми Септември„ ќе се задолжи да исплати отштета на тужителите и може да има последици врз навременото и

редовното сервисирање на обврските и континуираното извршување на редовните задачи, поради што ќе треба да се обезбедат дополнителни извори на приходи.

6.2. ГОБ "8-ми Септември" Скопје во периодот од 2015 до 2017 година, за доделување на договор за јавна набавка го користи критериумот најниска цена и спроведува електронски аукции каде економските оператори учествуваат во негативно наддавање со цел да се постигне што е можно пониска цена за стоките, работите или услугите кои се предмет на набавката. Воспоставена е пракса при набавка на лекови, медицински потрошен материјал, ортопедски средства и РТГ средства предметот на набавката да биде оформен во повеќе делови без да биде составен од повеќе ставки што придонесува во една постапка за јавна набавка да се спроведат поголем број на електронски аукции. Извршивме увид во начинот на кој се спроведени електронските аукции во девет постапки каде предмет на набавка се горенаведените стоки при што констатиравме дека со користење на ЕСЈН системот биле закажани 331 електронски аукции, но во 51% од случаите истата не е спроведена бидејќи за тој дел била поднесена само една понуда која била прифатлива за ГОБ „8-ми Септември" и немало доволно конкуренција да се продолжи кон фазата на електронска аукција, односно се пристапило кон поднесување на конечна цена. Поради горенаведеното ревизијата е на мислење дека постои ризик понудените конечни цени да не ја одразуваат реалната пазарна вредност на стоките кои се предмет на набавка што понатаму влијае врз рационалното и ефикасното искористување на средствата во постапките за јавна набавка.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на ГОБ „8 ми Септември„ во налог бр.07-2 од 13.12.2018година извршена е корекција на позицијата активни временски разграничувања, односно се изврши намалување на актива во Билансот на состојба за 411 илјади денари, за погрешно искажана софтверска грешка при сметководствено евидентирање на оваа позиција.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно одредбите на член 13 – а и 13 – б од Законот за здравствена заштита[1] и одредбите на член 14 и 15 од Законите за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) утврдените се: категориите, нивоата, групите и подгрупите на работните места во јавниот сектор. Во делот 5 – а од Законот за здравствена заштита членовите 155 – а до 155 – е, се врши класификација на работните места и се утврдуваат категориите и нивоата на работните места за давателите на јавни услуги и се утврдуваат

[1] („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17).

подгрупите за помошно техничките лица. Со претходно наведените законски акти не е утврдена основната компонента за утврдување на платата на вработените во јавниот сектор вклучувајќи ги и Јавните здравствени установи.

Ревизијата изврши споредување на наведените одредби со одредбите на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија во Делот плата за извршена работа со што констатира дека не постои усогласеност помеѓу наведените одредби од Законот за здравствена заштита и наведениот колективен договор.

Имајќи во предвид дека не се преземени активности за:

- донесување и усогласување на интерните акти (Статут, Правилник за организација и Правилник за систематизација на работните места) кај дел од наведените субјекти;
- усогласување на Колективните договори на ниво на гранка, и
- донесување на колективни договори на ниво на работодавач,

а во насока на обезбедување на воедначен пристап при исплата на платите на вработените во Јавните здравствени установи овластениот државен ревизор со писмо број 14 – 392/1 од 22.03.2018 година се обрати до Министерството за информатичко општество и администрација со барање за добивање на повратни информации за исплата на платите на сите категории вработени во ЈЗУ (административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица). И покрај тоа што е доставена ургенција по наведеното барање до денот на известување од оваа ревизија не е добиен одговор на истото.

7.2. На ден 17 април 2018 година склучен е Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија помеѓу министерот за здравство на РМ и претседателот на самостоен синдикат, за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија. Со наведениот анекс се пристапува кон измени и дополнувања меѓу кои и измени и дополнувања на членот 64 од Колективниот договор со кој меѓу другото се брише став 5 кој гласи: „Ако во ист ден се совпадне остварување на право на додаток на плата од став 1 на овој член, работникот има право на исплата на поповолното право зголемено за 8 %".

Бришењето на наведениот став создава услови вработениот во ЈЗУ да имаат право на зголемување на основната плата и тоа:

- прекувремена работа 29%;
- работа ноќе (помеѓу 22 часот и 6 часот наредниот ден) 50 %;
- работа во три смени 4%;
- работа во организирана единица за итна медицинска помош 8%;

За работа во денови на празници утврдени со Закон работникот има право на додаток на плата што му припаѓа кога тие денови не се работи и плата за поминати часови на работа зголемени за 42%.

Работникот има право на додаток за дежурство во хируршки гранки во износ од 125%, а во другите гранки 105% од саатнината за редовно работно време.

Надоместокот за приправност изнесува и тоа:
- без остварен повик и ангажирање 8% од дневницата од неговата плата, а за остварен повик и ангажирање 113% од неговата плата по час, за времето кога бил ангажиран.
За наведената состојба ревизија смета дека треба да се преиспита начин на уредување на поединечните проценти за одредени надоместоци / додатоци и укажува на фактот дека висината на платата потребно е да се уредува преку одредбите кои се однесуваат на основната компонента на платата на вработените а исклучителната компонента од плата која се однесува на претходно наведените одредби потребно е да ги следи процентите во јавниот сектор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 929.937 | 854.923 |
| **Вкупно приходи** | **929.937** | **854.923** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 408.469 | 381.617 |
| Стоки и услуги | 479.201 | 417.827 |
| Субвенции и трансфери | 507 | 155 |
| **Вкупно тековни расходи** | **888.177** | **799.599** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 41.760 | 55.324 |
| **Вкупно капитални расходи** | **41.760** | **55.324** |
| **Вкупно расходи** | **929.937** | **854.923** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 377.552 | 395.035 |
| Залихи | 162.932 | 137.188 |
| **Вкупно тековни средства** | **540.484** | **532.223** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 227.512 | 281.527 |
| **Вкупно постојани средства** | **227.512** | **281.527** |
| **Вкупна актива** | **767.996** | **813.750** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 344.490 | 361.861 |
| Краткорочни финансиски обврски | 825 | 789 |
| Обврски спрема државата и други институции | 91 | 88 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 32.146 | 32.297 |
| **Вкупно тековни обврски** | **377.552** | **395.035** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 390.444 | 418.715 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **390.444** | **418.715** |
| **Вкупна пасива** | **767.996** | **813.750** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **281.527** | **137.188** | **418.715** |
| **Зголемување по основ на:** | **65.823** | **709.470** | **775.293** |
| Набавки | 65.823 | 709.470 | **775.293** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **119.838** | **683.726** | **803.564** |
| Отпис на капитални средства | 268 | | **268** |
| Потрошок на залихи | | 683.726 | **683.726** |
| Амортизација | 119.570 | | **119.570** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **227.512** | **162.932** | **390.444** |